Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1019/2022

Дата 03-06-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Велес, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес.**

Вкупната должина на предметната траса изнесува приближно 9,06 km.

Должината за која се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува приближно 8,87 km.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y04622** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес, задолжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 40799 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес. Вкупната должина на предметната траса изнесува приближно 9,06 km, а должината за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува приближно 8,87 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1019/2022 од 31.05.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија",


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на инфраструктури за пренос не електрична енергија, 10(20) kV среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрани, КО Оризари (вонград), КО Оризари, КО Велес, КО Раштани, Општина Велес**, и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби
Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk